РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4046/3
05-11-2021 г./V.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-та седница одржана на ден 01.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-4046/1 од 26.10.2021 година, со наводи за активности кои се забранети за време на изборен процес на Локалните избори 2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК нема елементи за надлежно постапување бидејќи наводите не упатуваат на повреда на член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител - претставник од -----------------------------, на ден 26.10.2021 година, поднесена е пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес на Локалните избори 2021 година и оформен е предмет број 12-4046/1 од 26.10.2021 година.

Наводите се однесуваат против лицето --------- --------------, актуелен Градоначалник и кандидат за Градоначалник за Општина --------------, за злоупотреба на неговата службена положба и за незаконско постапување и прекршување на законските одредби во изборниот процес поради сечење на асфалт и градење на водоводна линија за што подносителот на пријавта се сомнева дека истото било сторено заради задоволување на потребите на некое приватно лице.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека по однос на пријавените наводи со преземените активности не е сторена повреда на член 8-а од Изборниот Законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека ДКСК нема елементи за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до: Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk